# Соработка на клиничките фармацевти со лекарите специјалисти при пропишување на биолошки оригинаторни и биолошки слични лекови

Марија Трајчулески*[1,2], Катарина Смилков[1]
[1] *Факултет за медицински науки, Универзитет Гоце Делчев ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А- Штип*
[2] *Агенција за лекови и медицински средства, ул. Св. Кирил и Методиј, бр. 54 - Скопје*

## Вовед

Биолошките лекови сè почесто се дел од третманот на многу специфични состојби. Биосимиларите се нова тераписка алтернатива која нуди зголемување на достапноста на лековите, зголемување на конкуренцијата и намалување на нивните цени.



## Цел

Цел на овој труд е да се разгледаат ставовите за пропишување на биолошките оригинаторни лекови и биосимилари, особено во однос на **соработката при пропишувањето и можноста за нивна супституција на ниво на фармацевт,** постапка која е пракса кај генеричките лекови.




## Материјали и методи

За реализација на целите направен е преглед на досега објавените резултати од спроведни прашалници кај лекари специјалисти и клинички фармацевти во релевантни бази на податоци.

## Резултати

**-64%-95%** од испитаниците се загрижени или не се согласуваат супституцијата на биолошката терапија да биде предводена од фармацевт

**-80%-90%** се согласуваат дека фармацевтите може да одлучуваат за замена, но само заедно со лекарот или се со став дека замената е целосна одговорност на лекарот

Несогласувањето и загриженоста од **вклучување на фармацевтите** во овој процес во голема мера укажува на недостаток на информации или потреба од дополнителна едукација за оваа група на лекови.





## Заклучок

**Добрите односи клинички фармацевт-лекар специјалист имаат големо значење за добро менаџирање на употребата на биолошката терапија пред сè во насока на нивна сигурна, економична и добро управувана терапија.**

